РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-625/2
12-06-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-625/1 од 29.01.2025 година, со наводи за незаконско постапување на јавен обвинител, на службено лице вработено во Министерството за внатрешни работи и на вешто лице во врска со кривично-правен настан на територијата на Општина ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува.

Во однос на наводите за незаконско постапување на јавен обвинител, ДКСК предметот ќе го достави на надлежно постапување на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.
Во однос на наводите за незаконско постапување на службено лице вработено во Министерството за внатрешни работи, ДКСК предметот ќе го достави на надлежно постапување на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на Министерството за внатрешни работи.
Во однос на наводите за незаконско постапување на вешто лице, ДКСК предметот ќе го достави на надлежно постапување на Комората на вештаци на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-625/1 од 29.01.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 29.01.2025 година, поднесена е пријава со наводи за незаконско постапување на јавен обвинител, на службено лице вработено во Министерството за внатрешни работи и на вешто лице во врска со кривично-правен настан на територијата на Општина ///, и оформен е предмет број 12-625/1 од 29.01.2025 година.

Во пријавата подносителот ги опишува околностите на сообраќајна несреќа со смртни последици која се случила на територијата на Општина ///, и изразува сомневање за необјективно и пристрасно постапување на службени лица при извршување на процесни дејствија од своја надлежност во врска со настанот, кое постапување било последица на коруптивни дејствија, преземени во насока на тоа сторителот на кривично дело да не биде соодветно санкциониран.
Во пријавата подносителот опишал дека при извршен увид на местото на кое се случила сообраќајна несреќа со смртни последици, предизвикана од лице со /// и /// државјанство кое во моментот на случување на несреќата било под дејство на алкохол и движејќи се со брзина којашто била поголема од дозволената и преминувајќи преку две ленти предизвикало судир, од страна на јавниот обвинител (ЈО) на Основното јавно обвинителство /// (ОЈО ///) /// било побарано на сторителот да му се определи мерка домашен притвор, што според подносителот на пријавата не соодветствувало на сериозноста на последиците од делото и не било во согласност со одредбите од Законот за кривичната постапка, особено ако се земе предвид дека сторителот е државјанин и на Република /// и на Република ///.
Понатаму, подносителот опишал дека полицискиот службеник ///, вработен во СВР ///, со задоцнување презел дејствија за тестирање на присуство на алкохол, така што тестирањето не дало веродостоен податок за состојбата во моментот на случување на несреќата.
Подносителот на пријавата навел и дека вештото лице д-р /// од Клиничка болница ///, откако по наредба на ЈО /// изготвил писмен наод и мислење во кое била утврдена состојба на алкохол во крвта и во кое била содржана констатација дека сторителот во моментот на несреќата бил во алкохолизирана состојба и со намалена способност за управување со моторно возило, пред Основниот суд /// дал исказ дека направил пропуст и дека состојбата на алкохол во крвта на сторителот во моментот на несреќата не можела да се утврди и дека не можело да се утврди дали истиот бил во алкохолизирана состојба и со намалена способност за управување со моторно возило.

Подносителот на пријавата смета дека од постапувањето на посочените службени лица произлегува сомневање за коруптивни дејствија што резултирале во тоа Основниот суд /// на сторителот да му изрече казна затвор во времетраење од /// години, за што подносителот на пријавата смета дека е несоодветна.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на други надлежни органи.
Притоа, ДКСК ги има предвид надлежноста и ингеренциите на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.
Истовремено, ДКСК ги има предвид надлежноста и ингеренциите на посебната организациска единица за потребите на Министерството за внатрешни работи, која според член 58 став 1 од Законот за внатрешни работи[1] спроведува постапки за оценување на законитоста на постапувањето на работник во Министерството, при што според член 58 став 2 и став 3 од овој Закон, (2) Заради заштита и остварување на своите права и кога смета дека со постапувањето на работникот во Министерството се повредени неговите слободи и права, граѓанинот има право да поднесе претставка до Министерството. (3) Министерството е должно да изврши проверка на наводите во претставката од ставот (2) на овој член и во рок не подолг од 30 дена од приемот на претставката, во писмена форма да го извести подносителот за утврдената состојба и преземените мерки.
Воедно, ДКСК ги има предвид и надлежноста и ингеренциите на Собранието на Комората на вештаци на Република Северна Македонија, пропишани во член 34 став 1 точка 12 од Законот за вештачење[2], според кој Собранието на Комората одлучува за начинот на контрола над работењето на вештаците.

Следствено, ДКСК оцени дека постојат услови во однос на наводите за незаконско постапување на јавен обвинител, предметот да го достави на надлежно постапување на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија; во однос на наводите за незаконско постапување на службено лице вработено во Министерството за внатрешни работи, предметот да го достави на

[1] „Службен весник на Република Македонија" бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 33/2015, 96/2015, 5/2016, 120/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016, 21/2018, 135/2018, 108/2019, 275/2019, 110/2021, 89/2022

[2] "Службен весник на Република Македонија" бр.154/2023

надлежно постапување на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на Министерството за внатрешни работи; во однос на наводите за незаконско постапување на вешто лице, предметот да го достави на надлежно постапување на Комората на вештаци на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата